Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-379/4
Датум: 05-07-2023

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 379/1 од 31.05.2023 година, поднесена од [redacted] во име на група Роми, за сторена дискриминација во пристапот до добра и услуги, врз основа на етничка припадност и сексуална ориентација против Друштво за угостителство и услуги [redacted] ДОО Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 05.07.2023 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност и сексуална ориентација во пристапот до добра и услуги кон група Роми од страна на Друштво за угостителство и услуги [redacted] ДОО Скопје.

## Образложение

На 31.05.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 379/1, од страна на подносителот Европски центар за правата на Ромите во име на група Роми, за сторена дискриминација во пристапот до добра и услуги, врз основа на етничка припадност и сексуална ориентација против Друштво за угостителство и услуги [redacted] ДОО Скопје.

Согласно член 23, став 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, [redacted] ја поднесе претставката во својство на граѓанска организација која има оправдан интерес за заштита на интересите на Ромите, а која во рамки на својата дејност се занимава со дискриминација кон Ромите, во име на група засегнати граѓани – ЛГБТ лица од ромска етничка припадност.

Во претставката се наведува дека на 19.05.2023 (петок), околу 19:30 часот [redacted] заедно со нејзините тројца пријатели, од кои двајца мажи припадници на ЛГБТ заедницата, сите со ромска етничка припадност, се упатиле на вечера во кафаната [redacted] која се наоѓа во ТЦ Скопјанка. При влезот на кафаната им пристапил келнерот, кој како што се наведува во претставката, им кажал дека не може да ги користат нивните угостителски услуги, бидејќи потребно било претходно да имаат направено резервација. [redacted] и нејзините пријатели во тој момент се почуствувале засрамени и го напуштиле локалот, бидејќи сите присутни гледале во нив. Според наводите од претставката, во тој момент [redacted] забележала дека лица од нeромска етничка припадност влегувале во кафаната, без да бидат прашани дали имаат напревено резервација. Дополнително, во претставката се наведува дека

двајцата пријатели на [redacted] биле препознатливи како припадници на ЛГБТ заедницата по начинот на облекување или однесување.

Подносителот смета дека наведеното е резултат на дискриминаторска практика на кафаната [redacted], која во конкретниот случај резултирала со дискриминација врз основа на сексуална ориентација и етничка припадност и вознемирување врз истите дискриминаторски основи.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 08.06.2023 година испрати Известување бр. 08 - 379/2 за произнесување по наводите од претставката до потенцијалниот дискриминатор.

На 16.06.2023 година до Комисијата стигна поднесок за произнесување по предметната претставката со бр. 08 – 379/3 од Друштвото за угостителство и услуги [redacted] БАР ДОО Скопје, преку полномошник Адвокатско друштво [redacted]

Во поднесокот за произнесување се наведува дека услугите на угостителскиот објект [redacted] ДОО Скопје секојдневно ги користат лица од сите националности и сексуални ориентации, па врз основа на тоа се отфрлаат наводите дека вработените во објектот извршиле дискриминација врз било која дискриминаторска основа. Дејноста на угостителскиот објект е подготовка и послужување на храна и пијалоци. Како и сите други угостителски објекти поради нормално тековно функционирање, во поднесокот за произнесување се наведува дека [redacted] ДОО Скопје услугите ги дава по пат на претходна резервација, имајќи предвид дека се работи за мал субјект со ограничен простор и мал капацитет за прием на гости. Од тие причини се наведува дека субјектот има воспоставено правила и принципи на работа со претходно закажување, односно резервација, кои особено се почитуваат за време на викендите и вечерните часови, кога целиот капацитет за прием на гости се обезбедува исклучиво преку резервација. Во однос на наводите од претставката, во поднесокот за произнесување се потврдува дека засегната група на лица го посетиле објектот на 19.05.2023 година (петок), во вечерните часови, односно по 19:00 часот. При тоа биле прашани дали имаат резервација и на кое име гласи нивната резервација, по што одговориле дека немаат резервација. Поради тоа, како што се наведува вработениот најљубезно им кажал дека сите маси се резервирани и дека доколку немаат резервација не може да ги користат угостителските услуги, по што истите го напуштиле објектот. Со подносителите се постапило исто како и со останатите гости кои немале резервација, без притоа да бидат навредени или засрамени. Во поднесокот за произнесување се негираат наводите од претставката дека други гости кои немале резервација биле примени во објектот или воопшто не биле прашувани дали имаат резервација, бидејќи сите гости на самиот влез од објектот биле прашувани дали имаат резервација. За нив е нејасно на кој начин засегнатите лица добиле впечаток дека исклучиво тие биле одбиени за користење на услугите во објектот. Врз основа на тоа

се негираат и наводите од претставката дека засегнатите лица биле одбиени поради нивната етничка припадност и сексуална ориентација, а како потврда за тоа укажуваат на фактот дека досега немале ниту една поплака во однос на дискриминација. Воедно, се наведува дека вработените во објектот немаат ниту време да ги анализираат гостите, па врз основа на нивните карактеристики да ги разликуваат, односно дискриминираат. Во поднесокот се наведува дека подносителите немаат доказ за обвинувачките наводи од претставката и за нив е нејасно врз основа на што ги темелат своите тврдења. Заклучно, се наведува дека угостителските услуги на [redacted] ДОО Скопје ги користат лица од сите етнички припадности и сексуални ориентации, а дополнително се наведува и дека сопственикот е припадник на ЛГБТ заедницата и познат поборник на правата на оваа заеднива во РСМ.

Од сето горенаведено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не е сторено веројатно тврдењето на подносителот за сторена дискриминација. За да премине товарот на докажување од подносителот на претставката кон потенцијалниот дискриминатор, тој мора да изнесе факти со кои ќе направи веројатно дека дискриминација би можела да биде извршена. Во случајот подносителот првично требал да докаже дека постои поврзаност помеѓу дискриминаторските основи ромска етничка припадност и сексуална ориентација и повредата, односно штетата, која во случајот се наведува како неовозможување на пристап до угостителски услуги. **Од утврдената фактичка состојба произлегува дека не е сторено веројатно тврдењето дека токму поради заштитните карактеристики на групата засегнати лица (ромска етничка припадност и сексуална ориентација) им бил оневозможен пристапот до угостителките услуги на [redacted] ДОО Скопје.** Во недостиг на докази, не може да се утврди ниту повреда, односно штета per se, бидејќи во поднесокот за произнесување се наведува дека конкретниот локал работи по принципот на резервации, а тоа се правила на куќата кои важат за сите посетители на угостителскиот објект. Неспорно е дека групата засегнати лица немале направено претходна резервација, што се потврдува со тврдењата на двете страни во постапката. За докажување на нееднаков третман кон засегнатите лица, не е понуден **конкретен компаратор**, односно лице кое не ги поседува заштитните карактеристики на засегнатите лица, исто така нема резервација, а му бил овозможен пристап до угостителскиот објект и угостителските услуги. Поради наведеното и во недостиг на тврдења поткрепени со докази, не може да се утврди нееднаков третман кон групата засегнати лица врз основа на ромска етничка припадност и припадност на ЛГБТ заедницата.

При така констатирана состојба, во недостаток на нееднаков третман и повреда на право врз дискриминаторска основа, не може да стане збор за дискриминација. Оттука произлегува дека не е исполнета законската **дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*

Заради горенаведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на етничка припадност и сексуална ориентација, во областа на пристапот до добра и услуги од страна на Друштво за угостителство и услуги [redacted] ДОО Скопје кон група Роми.

Скопје,
05.07.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]